РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR FILM
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 03-637/7
03 . 05 . 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

03.05.2023

Агенција за филм на Република Северна Македонија
Agjencia për film e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Врска:Ваш број ИП1 бр.57-26
од 18.04.2023 година

До
Министерство за култура
Скопје
За
Сектор за управен и инспекциски надзор

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: / E pranuar: | 04.05.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: | Прилог: / Shtojca: | Вредност: / Vlerë: |
| ИП1 57- | 26 | 4 | + 3 записник |

ПОДНЕСОК
СО ЗАБЕЛЕШКИ НА ЗАПИСНИК ЗА ИЗВРШЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР
ИП1 бр.57-26 од 18.04.2023 година

Архивски знак:______
Рок на чување:______год.
______20____год.
Потпис,

Почитувани,

На ден 27.04.2023 година Агенцијата за филм на Република Северна Македонија го прими Записникот за извршен инспекциски надзор ИП1 бр.57-26 од 18.04.2023 година.

Во начело сме согласни со констатираната состојба во записникот, но категорично приговараме на делот од записникот во кој се констатирани наводни неправилности и недостатоци. Имено;

Агенцијата за филм на РСМ и сите тела во склоп на истата, во рамките на своите надлежности, при работењето доследно постапуваат во склад со одредбите од законот за филмска дејност и одредбите другите позитивни прописи во РСМ.

Во записникот на кој се однесуваат овие забелешки е наведено дека овластениот инспектор констатитал неправилности недоследност кои се однесуваат на проектот ‘‘Последната станица,, на продуцентот Шарада филм ДООЕЛ Скопје и проектот ‘‘Сузе Национале,, , проект во режија на

Во истиот записник е наведено дека Агенцијата за филм постапила спротивно на одредбите од чл.32 од ЗФД и иако постоел судир на интереси постапувала по пријавите за погоренаведените проекти.

Ваквите наводи во записникот несоодветствуваат со вистината и фактичката состојба.

Проектот ‘‘Последната станица,, на продуцентот Шарада филм ДООЕЛ Скопје учествувал на конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документиран и анимиран филм за 2022 година, втор рок на одлучување, и тоа во категоријата дебитантски краткометражен документиран филм. Истиот проект требал да биде во режија на лицето

На ден 07.11.2023 година лицето со писмена изјава се обратило до продуцентот Шарада филм ДООЕЛ Скопје и во истата навело дека од лични причини се повлекува од функцијата режисер на документарниот филм ‘‘Последна станица,, и воедно побарало раскинување на преддоговорот за режија.

После 17 дена од давањето на ваквата изјава ова лице , со решение на директорот на Агенцијата за филм број 03-1532/1 од 28.11.2023 година е именувано за филмски рецензент во рамките на Агенцијата.

ЛОГИЧЕН И ОЧИГЛЕДЕН е заклучокот дека била именувана за филмски рецензент во време кога ова лице неучествувало во реализација на ниту еден проект кој учествувал на предметниот конкурс објавен од Агенцијата, вклучително ни во проектот ‘‘Последната станица,, на продуцентот Шарада филм ДООЕЛ Скопје па оттука имала полно право да постапува во процесот на оценка и одлучување на проектите пријавени на конкурсот за 2022 година-втор рок на одлучување.

Дополнително, заради потврда на фактот дека фактот дека кај истата непостои судир на интереси при постапувањето како филмски рецензент, овој именуван филмски рецензент на ден 20.12.2022 година дал изјава за непостоење на судир на интереси, изјава заведена под број.03-1533/3. Исто така овој филмски рецензент на истиот ден дал изјава и за непристрасност, независност и објективност во работењето, изјава заведена под број 03-1533/4.

Продуцентот Шарада филм ДООЕЛ Скопје, после спроведување на процесот на административна селекција и евалуација на проектот ‘‘Последна станица,, во рамките на постапката за оценка и одлучување за проектите кои конкурирале на конкурсот од 2022 година-втор рок на одлучување, со барање за повлекување на пријавата доставено до Агенцијата за филм на ден 08-1187/2 од 19.12.2022 година побарал повлекување на пријавата за овој проект од процесот на евалуација.

Постапувајќи по ова барање на продуцентот Шарада филм ДООЕЛ Скопје донесено е решение број 02-1684/3 од 29.12.2022 година за прекин на постапката за проектот ‘‘Последната станица,, , и истото решение е доставно до продуцентот.

Погореопишаниот след на настани недвосмислено укажува дека Агенцијата и телата при Агенцијата постапувале во склад со позитивните прописи, дека во ниту еден момент непостоел судир на интереси кај лицето како именуван филмски рецензент.

Фактот што проектот ‘‘Последна станица,, на продуцентот Шарада филм ДООЕЛ Скопје бил евалуиран како проект кој бил пријавен на конкурсот е нешто што апсолутно невлијае на погоренаведениот факт за непостоење на судир на интереси кај лицето како именуван филмски рецензент.

Напротив евалуацијата на овој проект и рамноправното учество на овој проект заедно сите други пријавени проекти во процесот на оценка и одлучување е доказ за неселективност во постапувањето на Агенцијата, доказ за доследно почитување на правото на секој продуцент да учествува и да се пријави на објавениот конкурс од Агенцијата, доказ дека на продуцентот Шарада филм ДООЕЛ Скопје не му било ускратено ниту едно право за учество на конкурсот како правно лице-продуцент.

Доследноста во постапувањето на Агенцијата и телата во склоп на истата произлегува и од фактот што прашањето на имање или немање на судир на одреден проект со именувано лице во Агенцијата е во надлежност на филмскиот совет и управниот одбор на Агенцијата а не и на телата кои вршат административна селекција и евалуација на пријавените проекти.

Постапката за овој проект конкретно била прекината по барање на самиот продуцент кој ја повлекол пријавата за истиот.

Облигационите односи помеѓу продуцентот Шарада филм ДООЕЛ Скопје и лицето како режисер се односи кои не се предмет на оценка од страна на Агенцијата, како што не е предмет на оценка на Агенцијата фактот зошто продуцентот ја повлекол пријавата за проектот ‘‘Последна станица,, после повеќе од 40 дена од денот кога режисерот на проектот се повлекол од истиот проект и побарал раскинување на преддоговорот за режија.

Во однос на проектот ‘‘Сузе Национале,, на продуцентот ОХО продукција ДООЕЛ Скопје, а во режија на треба да се потенцираат неколку работи кои исто како и во погоренаведениот случај недвосмислено укажуваат на непостоење на судир на интереси и апсолутно законито постапување на Агенцијата и нејзините тела.

Проектот ‘‘Сузе Национале,, на продуценотот ОХО продукција ДООЕЛ Скопје е пријавен на конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документиран и анимиран филм за 2022 година, втор рок на одлучување, и тоа во категоријата краткометражен игран филм, во режија и сценарио на лицето со пријава број 08-1166/1 од 31.08.2022 година.

Лицето е именувано за член на филмскиот совет на Агенцијата со решение број 03-1603/1 од 09.12.2021 година и тоа со мандат од две години.

Како член на филмскиот совет учествувал во работата на филмскиот совет при постапувањето по пријавите поднесени на конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документиран и анимиран филм за 2022 година-прв рок на одлучување, и тоа пред да постапува дал изјава за непостоење на судир на интереси заведена под број 03-1042/3 од 27.07.2022 година.

Ова лице, на ден 09.12.2022 година, значи по поднесување на пријавата за проектот ‘‘Сузе Национале,, на продуцентот ОХО продукција ДООЕЛ Скопје, а во негова режија, како член на филмскиот совет на АФ, дал изјава за изземање број 03-1616/1 од 09.12.2022 година, со која изјавил дека се иззема од одлучување во однос на доставените пријави на конкурсот за 2022 година- втор рок на одлучување.

Постапувајќи по изјавата на овој член на филмскиот совет, директорот на Агенцијата донел решение број 03-1616/2 од 24.12.2022 година со кое членот на филмскиот совет се иззема од функцијата член на филмскиот совет поради постоење на судир на интереси а се со цел да се обезбеди непристрасност во одлучувањето по пријавите на конкурсот за 2022 година-втор рок на одлучување.

Но и покрај ваквото решение на директорот на Агенцијата, филмскиот совет при АФ на одржаната седница на филмскиот совет на АФ, одржана на ден 23.12.2022 година одлучиле да пријавата на продуценотот ОХО продукција ДООЕЛ Скопје за проектот ‘‘Сузе Национале,, , нетреба да да се разгледува и да одлучува по истата.

Ваквата одлука-мислење е во надлежност на филмскиот совет и другите тела на Агенцијата, вклучително и директорот и УО на Агенцијата немаат можност да влијаат или да одлучуваат во име и за смета на филмскиот совет.

Па поради ваквата надлежност на филмскиот совет, одлуката-мислењето на советот за овој проект е потврдено со одлука на УО на Агенцијата, и писмено изготвена е доставена до продуцентот.

Продуцентот до денес води управна постапка против оваа одлука на УО на Агенцијата. До моментот на достава на ова писмено неманиту конечна ниту правосилна одлука за ова прашање.

Видно погоренаведеното е дека и во овој конкретен случај Агенцијата за филм и нејзините тела одлучувале законски, во рамките на своите овластувања, апсолутно објективно и непристрасно, па оттука неиздржан е заклучокот во записникот за извршен инспекциски надзор дека во постапувањето за овој проект постојат недостатоци или неправилности.

Напротив доследното почитување на овластувањата на секое тело во Агенцијата довело до донесување на законити и објективни одлуки.

Овозможувањето пак да ваквите одлуки се проверат пред повисоки инстанци (второстепени комисии, управен и виш управен суд) се само доказ за доследно почитување на правата на продуцентот за заштита на своите права во управна и судска постапка.

Конечните односно правосилни одлуки кои во иднина ќе бидат донесени за овој конкретен случај доследно ќе бидат испочитувани-спроведени од страна на Агенцијата.

Како и за погоренаведениот проект, и за овој проект, евалуацијата на овој проект и рамноправното учество на овој проект заедно сите други пријавени проекти во процесот на оценка и одлучување е доказ за неселективност во постапувањето на Агенцијата, доказ за доследно почитување на правото на секој продуцент да учествува и да се пријави на објавениот конкурс од Агенцијата, доказ дека на продуцентот ОХО Продукција ДООЕЛ Скопје не му било ускратено ниту едно право за учество на конкурсот како правно лице-продуцент.

Доследноста во постапувањето на Агенцијата и телата во склоп на истата произлегува и од фактот што прашањето на имање или немање на судир на одреден проект со именувано лице во Агенцијата е во надлежност на филмскиот совет и управниот одбор на Агенцијата а не и на телата кои вршат административна селекција и евалуација на пријавените проекти.

Исто така сметаме дека неиздржан и непотребен е делот од записникот каде се цитира одредбата од членот 54 од ЗФД.

Ова од причина што и самиот вршител на надзорот не констатирал состојба да било кој од таксативно наведените лица во членот 54 од ЗФД учествувал со свои проекти на конкурсите на Агенцијата.

Во оваа насока појаснуваме дека со свој проект на конкурсите објавени од Агенцијата може да учествува само правно лице-филмски продуцент со регистрирана претежна дејност-производство на филмови, а се согласно одредбите од член 6 ст.1 т.4 в.в. со член 26 ст.1 од ЗФД.

Носител на проект, а со тоа и сопственик на проект, со кој може да се учествува на конкурс објавен од Агенцијата може да биде само правно лице-филмски продуцент со регистрирана претежна дејност-производство на филмови, а се во смисла на одредбите од ЗФД.

Физичко лице-филмски продуцент неможе-несмее да учествува на ниту еден конкурс објавен од страна на Агенцијата, па оттука одредбата од членот 54 од ЗФД неможе да најде примена над ниту едно од таксативно наведените лица во овој член од ЗФД (директор на Агенција за филм, членови на совет од чл.22, рецензенти од чл.23, советниците од членот 24 и претседателот на УО и членовите на УО и членовите на комисијата од членот 50 од ЗФД).

Предвид погоренаведеното бараме од насловот да изврши преоценка на утврдените факти од извршениот надзор и од доставениот записник да ги отсрани констатациите за наводни недостатоци и неправилности во работењето на Агенцијата, како и да ги отстрани деловите од записникот во кои се наведува основаноста за прекршочна одговорност и наводите за наводно непочитување на одредбите од ЗФД и законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Така кргираниот записник во целост ќе одговара на вистината и фактичката состојба за работењето на Агенцијата, и како таков ќе биде во целост прифатлив за нас

Со почит,

В.Д. Директор

Агенција за филм на Република Северна Македонија - Agjencia e Filmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Скопје - Shkup